Друштво за неживотно осигурување
КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД.
Бр. 0202-9/1
15.05 2009 год.
СКОПЈЕ

КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ А.Д.
ДРУШТВО ЗА НЕЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ СКОПЈЕ

# ОПШТИ УСЛОВИ И ТАРИФИ

## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА РИЗИК ВОЈНА И ШТРАЈК ЗА ВРЕМЕ НА ПОМОРСКИ И АВИОНСКИ ПРЕВОЗ

Скопје, 2009 год.

## ПРЕМИСКИ СТАПКИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
## ЗА РИЗИК ВОЈНА И ШТРАЈК - ЗА ПРИМЕН

Во %

| ПАТУВАЊА ЗЕМЈИ | Поморски превоз | | | | Авионски превоз | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Институт клаузула за војна | Институт клаузула за штрајк | Институт клаузула војна и штрајк ризик престан. на пристан. на испр. | Институт клаузула војна и штрајк со ризик до место на прием | Институт клаузула за војна и штрајк | Институт клаузула војна | Институт клаузула за поштенски пратки |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1. За сите патувања и летови освен наведените | 0,03 | 0,03 | 0,03 | 0,03 | 0,03 | 0,01 | 0,06 |
| 2. Западна хемисфера (освен точка 3) Австралија, Н.Зеланд, Шведска и Данска | 0,03 | 0,03 | 0,03 | 0,03 | 0,03 | 0,01 | 0,06 |
| 3. Патувања и летови кон наведените региони | | | | | | | |
| А) Либан | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц | 0,03 | 0,01 | 0,06 |
| Б) Авганистан | 0,03 | Х/Ц | 0,03 | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц |
| В) Етиопија | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц | 0,190 | 0,200 | 0,30 |
| Г) Ел. Салвадор | 0,060 | Х/Ц | 0,060 | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц |
| Д) Папау. Н. Гвинеја | 0,03 | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц | 0,03 | Х/Ц |
| Ѓ) Буганфиле | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц |
| Е) Либерија | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц |
| Ж) Ирак, Кувајт и неутрална зона | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц |
| З) Други Гофски прист. | 0,060 | 0,03 | 0,060 | 0,060 | 0,03 | 0,03 | 0,060 |
| Ѕ) Јордан | 0,03 | 0,12 | 0,16 | 0,16 | 0,16 | 0,060 | Х/Ц |
| И) Сомалија | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц |
| Ј) Колумбија | 0,03 | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц | Х/Ц |

Другите услови остануваат непроменети.

## ЗАБЕЛЕШКИ:

Западна хемисфера е дифинирана со намера да во овој Шеидул ги вклучува Северна, Централна и Јужна Америка, Западна Индија, Бермуди и Хаваи. Овој Шеидул се применува за ризици подолу наведени или декларации (барања) прифатени од осигурувачите на или после датумот специфициран на 1-та страна од овој Шеидул.

За (а) ризици од војна и штрајкови - превезувани со бродови или воздушни средства кои започнуваат на и после датумот.

За (б) само за ризици од штрајкови - за патувања или летови кои започнуваат на и после тој датум.

Стапките се применуваат за пловидбите во рок од 7 дена, инаку важат условите кои се на сила во време на пловидбата. Сите отворени договори мораат да вклучуваат клаузула која ќе дозволува поништување на ризиците од војна и штрајкови и во максимален рок од 7 дена, освен за ризици од штрајкови на бродови кои исловуваат од или кон САД (Америка), каде што се потребни максимум 48 часа.

Стапката за војна треба да се покажува посебно од главната транзитна стапка. Не се гарантира никакво редуцирање за:

а) само за ризици од останати - залутани мини,

б) ризици кај кои дел од патувањето веќе е завршено, во моментот кога ризикот е прифатен од осигурувачот.

## ПРЕТОВАРУВАЊЕ

Кога едно или повеќе претоварувања ќе се извршат со бродови или помеѓу брод и воздушно летало, минималната стапка за целото превезување ќе биде земена како највисока стапка која ќе се применува на било кој степен од превозот.

## ПРЕВОЗ ПОСЛЕ (ПРЕКУ) ОРИГИНАЛНОТО ОДРЕДИШТЕ

Кога товарот не е испорачан на одредиштето (одреденото место) кое е оригинално одредено, и е пренесен и соглано на тоа претоварен на одреденото или заменетото пристаниште за испорака, тогаш дополнителната стапка за војна ќе изнесува 50% од табелата за стапки за секое дополнително патување изведено накнадно од одреденото пристаниште за испорака. Меѓутоа, ако договорот за ре-утврдување на вредноста на стапката е утврдена, тогаш плаќањето на вкупната стапка ќе се врши при претоварувањето.

## ДОДАТОК 1

## ПАТУВАЊА КОИ ВКЛУЧУВААТ ЗАДРЖУВАЊЕ НА ТОВАРОТ

Товарот може да биде осигуран од ризици од војна и штрајкови во случај на задоцнување на патувањето, изведувано со прекуокеански бродови, кое задоцнување се должи на однесување на бродот од струја или ветер, укотвување или бавна пловидба, во областа које е означена од осигуреникот и договорена со осигурувачите, следната дополнителна премија се плаќа, обезбедувајќи усогласеност со следните наведени услови:

1. Договорот за превоз да не е завршен,
2. Наведената забелешка за поништување и Клаузулата за автоматско поништување е вметната за целото патување.

Ова осигурување може да биде поништено од страна на осигурувачите или од осигуреникот со давање на 48-часовно известување (ваквото поништување стапува на сила по истекот на 48 часа

од полнoќ на денот на кој известието е издадено од или на осигурувачите). Меѓутоа, осигурувачите се согласни повторно да го успостават (вратат) овој осигурителен предмет, со договор помеѓу осигурувачите и осигуреникот пред истекот на едно вакво известие за поништување со помош на нови премиски стапки и/или услови и/или гаранции.

Без разлика дали вакво известие за поништување е дадено или не, ова осигурување ќе ЗАВРШИ АВТОМАТСКИ:

1) со настанување на било каква непријателска иксплозија на (со) воено оружје, извршувајќи атомска или нуклеарна фисија (цепење на ќелии) и/или фузија (спојување) или друга слична реакција или радиоактивна снага, во било кое време, или било кое место да се случи не е предметот на осигурување.
2) во случај да наведениот предмет на осигурување или ускладиштениот брод биде земен на користење - служење за воени цели.

Во случај или на поништување со известие или со автоматско завршување на горе наведените законски одредби, на осигуреникот ќе му биде исплатувана нето-повратна премија, про-рата (сума за делба) или како што ќе биде поинаку договорено.

1) Да бродот бавно плови, да е однесен од струја или ветер или да е укотвен во позиција (место) кое:
    (а) не го претставува конечното одредиште (определеното место),
    (б) не припаѓа на пристанишната област.

Предмет на сите горе наведени услови, важечките институтски клаузули за војна (Карго) со ваквите додатоци, дополненија се сметаат за институтски клаузули. Сеуште ќе се применува и Клаузулата за испраќање по пошта (Reasonable Despatch Clause).

Дополнителни премии кои ќе се применуваат за патувања кои вклучуваат задржување (задоцнување) на товарот, ќе бидат предмет на наведените услови:

| | |
|---|---|
| - задржување до 7 дена | 0,010% по горе наведената табела стапки |
| - следствени периоди од 7 дена или помалку од 7 | 0,010% за секои додатни 7 дена или помалку |

## ДОДАТОК 2
## ТОВАР СКЛАДИРАН ВО СПЕЦИЈАЛНИ БРОДОВИ
## (СО СОПСТВЕНА ПОГОНСКА СИЛА)

За товар кој е складиран на брод и кој е осигурен према институтските клаузули за војна и штрајк.

За товар кој е складиран во специјални бродови со сопствена погонска сила, наведената минимална стапка ќе се применува за оние области за кои не се применува повисока стапка од онаа главната (стапка за патување - пловидба за ризик од војна):

- 0,720% годишно или про-рата (дивидента-сума за делба), како предмет на минимална стапка од 0,03%
- секоја друга област да биде Х/Ц (Покриена од случај до случај).

Cargo War risks Rating Committee
Комитет за одредување на стапките за товарни ризици од војна ЛОНДОН

## ДОДАТНИ ПОЈАСНУВАЊА:

Претходната табела и Услови Ви се пренесени во превод, према оригиналните Услови и тие се составен дел на Институтските клаузули за војна и Штрајк и претставуваат една целина - при договарањето на овие ризици. Затоа овие Услови треба добро да се познаваат и за истите треба да ги запознаете осигурениците и шпедитерите.

Премиските стапки што се дадени во Табелата се применуваат во утврдениот процент за секоја поединечна пратка и посебно се искажуваат во полисите.

Ознаката Х/Ц во Табелата за премиски стапки значи “од случај до случај”, т.е. за пратки кои патуваат од или за земјите означени со Х/Ц не може да се прифати во осигурување ризикот војна и штрајк, ако претходно не е добиена премиска стапка и услови од стручната служба за транспорт и кредити во Скопје, која по ваше барање ќе добие услови под кои ќе може да се прифати осигурувањето од таквите земји.

Со добивањето на овој преглед и Услови престануваат да важат досегашните премиски стапки.

Ризиците војна и штрајк се обавезни за пратки што одат во реосигурување, т.е. над 100.000 ЕУР или еквивалент на друга валута.

Стапките се променливи во зависност од состојбата во светот и подрачјата каде патува пратката.

КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД - Друштво за неживотно осигурување - Скопје